ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

## НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 97**

**Скопје, 9. 3.2023 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

## СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на маркетинг (50325) и друго (50329) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 9**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на бизнис менаџмент (50603), меѓународен менаџмент (50609) и претприемништво (50623) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА**
**ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГ (50325) И ДРУГО (50329) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 14-1208/6 од 21 декември 2022 година, донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 21.12.2022 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на маркетинг (50325) и друго (50329) на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во „*Слободен печат*" на 1.12.2022 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *д-р Јана Проданова*

Врз основа на приложената документација од пријавената кандидатка, на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки му го поднесуваме следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Јана Проданова е родена на 23.06.1984 година во Скопје. Основното образование го завршува во ОУ „Јохан Хајнрих – Песталоци", а средното во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин", во Скопје. Дипломира во 2007 година на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на департментот е-бизнис.

Во учебната 2007/2008 го завршува специјалистичкиот курс „Leadership and Community Development Work" на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, по што работи како асистент на истражување на нови медиуми во студиото за визуелна комуникација „Omni Creative" во Скопје.

Во 2009 го започнува својот волонтерски ангажман во Шпанија, каде волонтира во невладината организација „Proyecto Hombre Burgos - Fundación Candeal", како дел од програмата на Европскиот Волонтерски Сервис. Во 2010 година, се стекнува со дипломата Магистер во областа на советување и консалтинг во информатички и комуникациски технологии, на Универзитетот во Бургос, Шпанија, по што навлегува подлабоко во научно-истражувачката дејност.

Во 2012 година го завршува вториот магистериум и се здобива со титулата Магистер по истражување од областа на економија на претпријатија, од истиот универзитет.

Од 2013 година работи како предавач на катедрата за маркетинг и истражување на пазарот на Економскиот факултет при Универзитетот во Бургос. Во 2016 година, ги завршува своите докторски студии од економија на претпријатија, со одбрана на тезата „Electronic customer behaviour from relational, technology and personality related theoretical perspectives. The case of high involvement services", а потоа се стекнува и со звањето доцент.

Од ноември 2019 година, дополнително на нејзината позиција како доцент на Универзитетот во Бургос, д-р Проданова започнува соработка како истражувач во Истражувачкиот центар за компјутерски науки и информатички технологии (ИЦКНИТ), при Македонската акедемија на науките и уметностите (МАНУ). Во септември 2022 се придружува на тимот на Универзитетот

Американ Колеџ Скопје (УАКС), како надворешен соработник на Факултетот за деловна економија и организациони науки, по предмети од областа на маркетингот.

*Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност*

Во текот на нејзиниот ангажман како професор асистент (2013-2017) и подоцна доцент (2017-2021) на Универзитетот во Бургос, Јана Проданова држи повеќе предмети на додипломски и постдипломски студии, со физичко присуство и online, меѓу кои: Маркетинг менаџмент (2013-2020), Маркетинг комуникации (2016-2018), Истражување на пазарот (2017-2021), Online маркетинг (2017-2020), а менторира и додипломски и магистерски тези од истите области (2017-2021). Во зимскиот семестар во учебната 2022/2023 година почнува да држи настава по предметот Вовед во маркетинг на Факултетот за деловна економја и организациони науки при УАКС.

Во текот на своето усовршување, кандидатката завршува над 40 курса од различни дисциплини, како што се научно истражување и комуникација, анализа на податоци, организација на онлајн настава и обука, едукација и мотивација на студенти. Учествува во различни проекти финансирани од реномирани организации, како Fundación Ramón Areces и Fundación Villalar од Шпанија, и програмата Horizon 2020 на Европската Комисија. Нејзините трудови се публикувани во реномирани меѓународни списанија со импакт фактор и презентирани на значајни меѓународни конференции од областа на маркетингот.

За нејзината истражувачка дејност е наградувана повеќе пати, од академски и приватни бизнис институции. Соработува со повеќе истражувачи од земјава и странство, а има остварено и повеќемесечни престои на универзитети во Мексико, Белгија и Македонија.

Во последните 5 години, кандидатката ги има објавено следниве трудови во меѓународни списанија со импакт фактор:

| | Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот | Рецензирано списание | Референтна научна публикација, согласно член 2 т. 24 од ЗВО: 24. „Референтна научна публикација“ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Prodanova, J., San-Martín, S. and Jiménez, N., 2023. Customers' predisposition to use mobile banking: resource's availability is decisive.** ***International Journal of Mobile Communications*****,** ***21*****(2), pp.159-180.** | 2023 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2021: 1.522 |
| 2. | **Prodanova, J. and Kocarev, L., 2022. Employees' dedication to working from home in times of COVID-19 crisis.** ***Management Decision*****,** ***60*****(3), pp.509-530.** | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2021: 5.589 |
| 3. | **Ciunova-Shuleska, A., Palamidovska-Sterjadovska, N. and Prodanova, J., 2022. What drives m-banking clients to continue using m-banking services?.** ***Journal of Business Research*****,** ***139*****, pp.731-739.** | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2021: 10.969 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Chopdar, P.K., Paul, J. and Prodanova, J., 2022. Mobile shoppers' response to Covid-19 phobia, pessimism and smartphone addiction: Does social influence matter?.** ***Technological Forecasting and Social Change*****,** ***174*****, p.121249.** | 2022 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2021: 10.884 |
| **5.** | **Prodanova, J. and Kocarev, L., 2021. Is job performance conditioned by work-from-home demands and resources?.** ***Technology in Society*****,** ***66*****, p.101672.** | 2021 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2021: 6.879 |
| **6.** | **Prodanova, J., San-Martín, S. and Jimenez, N., 2021. Are you technologically prepared for mobile shopping?.** ***The Service Industries Journal*****,** ***41*****(9-10), pp.648-670.** | 2021 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2021: 9.405 |
| **7.** | **Prodanova, J., San Martín, S. and Sánchez-Beato, E.J., 2021. Quality Requirements for Continuous Use of E-learning Systems at Public vs. Private Universities in Spain.** ***Digital Education Review*****, (40), pp.33-50.** | 2021 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Scopus – импакт фактор 2021: 1.831 |
| **8.** | **Abdelwahab, D., Jiménez, N., San-Martín, S. and Prodanova, J., 2020. Between love and boycott: a story of dual origin brands.** ***Spanish Journal of Marketing-ESIC*****,** ***24*****(3), pp.377-402.** | 2020 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Scopus – импакт фактор 2021: 6.8 |
| **9.** | **Segal, E., Zhang, F., Lin, X., King, G., Shalem, O., Shilo, S., Allen, W.E., Alquaddoomi, F., Altae-Tran, H., Anders, S. and Balicer, R., 2020. Building an international consortium for tracking coronavirus health status.** ***Nature Medicine*****,** ***26*****(8), pp.1161-1165.** | 2020 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2020: 53.440 |
| **10.** | **Prodanova, J., San-Martín, S. and Jiménez, N., 2020. Achieving customers' repurchase intention through stimuli and site attachment.** ***Journal of Organizational Computing and Electronic Commerce*****,** ***30*****(3), pp.187-208.** | 2020 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2020: 2.571 |
| **11.** | **Rodríguez-Torrico, P., Prodanova, J., San-Martín, S. and Jimenez, N., 2020. The ideal companion: the role of mobile phone attachment in travel purchase intention.** ***Current Issues in Tourism*****,** ***23*****(13), pp.1659-1672.** | 2020 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2020: 7.430 |
| **12.** | **Prodanova, J., Ciunova-Shuleska, A. and Palamidovska-Sterjadovska, N., 2019. Enriching m-banking perceived value to achieve reuse intention.** ***Marketing Intelligence & Planning*****,** ***37*****(6), pp.617-630.** | 2019 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | Web of Science – импакт фактор 2021: 4.338 |
| **13.** | **Prodanova, J. and Van Looy, A., 2019. How beneficial is social media for business process management? A** | 2019 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи | Web of Science – импакт |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **systematic literature review.** ***IEEE Access***, *7*, **pp.39583-39599.** | | на рецензија (double blind review) | фактор 2021: 3.476 |
| **14.** | **Prodanova, J., San-Martin, S. and Jimenez, N., 2019. Theoretically encompassing B2C relationships in the hospitality industry.** ***Dos Algarves: A Multidisciplinary E-Journal***, ***34***(34), **pp.155-197.** | 2019 | Објавен во референтна научна публикација, подлежи на рецензија (double blind review) | EBSCO |
| **15.** | **Prodanova, J. and Van Looy, A., 2018. A systematic literature review of the use of social media for business process management. In** ***Business Process Management Workshops: BPM 2017 International Workshops, Barcelona, Spain, September 10-11, 2017, Revised Papers 15*** **(pp. 403-414). Springer International Publishing.** | 2018 | Дел од книга, објавена во земја членка на Европската Унија, подлежи на рецензија (double blind review) | Springer, Cham |

Научно-истражувачките интереси на д-р Јана Проданова се фокусираат на теми поврзани со електронски и мобилен бизнис, правејќи разлика помеѓу online и мобилните канали, како и предностите и недостатоците што ги има секој од нив. Таа ги изучува предизвиците и можностите при користење на ИКТ во понудата на различни услуги и однесувањето и личните карактеристики на корисниците. Кандидатката е вклучена и во повеќе активности поврзани со STEM образование, морални вредности и одржливо општество, воспоставување на полова еднаквост во различни сектори на индустријата. Исто така, таа е рецензент за меѓународни списанија и конференции.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци, рецензентската комисија оценува дека кандидатката покажува богата научно-истражувачка и наставна активност и дека ги исполнува законските услови да биде избрана во насловно звање *вонреден професор*, поради што му предлага на Наставно-научниот совет на ФДЕИОН кандидатката д-р Јана Проданова да ја избере во насловно звање *вонреден професор* по група предмети од обласа на маркетинг и друго на Факултетот за деловна економија и организациони науки при УАКС.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Илијана Петровска, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Снежана Христова, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ (50603), МЕЃУНАРОДЕН МЕНАЏМЕНТ (50609) И ПРЕТПРИЕМНИШТВО (50623) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-1208/7 од 21 декември 2022 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 21.12.2022 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на бизнис менаџмент, меѓународен менаџмент и претприемништво на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Слободен печат*“, на 1.12.2022 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *М-р Надежда Поп-Костова*

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Надежда Поп-Костова е родена на 16.11.1988 во Гевгелија, Република Македонија. Основното образование го завршува во ОУ „Кочо Рацин“ во Нов Дојран, а средното образование во Богданци во СОУ „Богданци“ каде завршува општствено-хуманистичка гимназија со највисока оценка 5.00. Високото образование го продолжува на Универзитет Американ Колеџ Скопје на Факултетот за деловна економија и организациони науки и во 2010 година дипломира со највисоки почести на насока менаџмент. Магистерските студии ги продолжува на УАКС на прогорама МБА-менаџмент и се стекнува со титула Магистер по бизнис администрација.

Во 2022 година се запишува на докторски студии на ДБА програма и моментално е докторанд на УАКС.

За време на додипломските студии Надежда присуствувала на голем број меѓународни летни школи од областа на Претприменииштво и бизнис, меѓународен менаџмент и стратегии. Во 2009та година, Охридскиот инстиут за економски стратегии и меѓународни односи ја избира за претставник на летна школа во Виена. Во 2010 година присуствува на Бизнис план Форум на Универзитет во Зеница, БиХ и како дел од меѓународен тим го освојува првото место за најдобар интернационален бизнис план. Во 2012та година добива стипендија од ДААД за изучување на германски јазик и престој од 1 месец на Техничкиот Универзитет во Минхен, Германија.

Веднаш по дипломирањето се вработува во администрација на Универзитет Американ Колеџ Скопје и во период од 4 години работи во одделот за прием на странки и одделот за постдипломски студии. Во 2013та година станува дел од консултантска компанија како менаџмент консултант каде во период од 5 години работи на голем број национални документи (стратегии, физибилити студии, истражувања) и консултантски услуги за странски инвеститори (истражување на пазар, бизнис планови).

Во 2018та година, Центарот за управување со знаење на Република Македонија ја избира за претставник на работилница за претприемништво во Софија, Република Бугарија каде добива прво место за најдобар бизнис модел.

Во 2019та година продолжува да работи како координатор за постдипломски студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

Во 2019та година е ангажирана како надворешен соработник-наставник во ПСУ Американска гимназија Скопје по предметот Бизнис и претприемништво, а од 2021 година и како универзитетски соработник на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ – Скопје, по предметот Меѓународен менаџмент и глобализација.

Во 2022 година се сертифицира како IB наставник и започнува со предавања по ИБ предметот Бизнис и менаџмент во ПСУ АХСС.

Интересот и дополнителното надоградување го развива во областа на претпиемништвото и меѓународниот менаџмент преку учество на конференции и работилници.

***Научно-истражувачка дејност***

***Универзитет Американ Колеџ Скопје***
Impact of Education on Entrepreneurial Intentions among Students in Republic of North Macedonia, AICEI Proceedings, 2019.

Учебник: Планирање и стратегии / Снежана Христова ; коавтори Ивона Милева, Кате Трајкова, Надежда Поп-Костова. - Скопје: Универзитет Американ колеџ, 2022. - 184 стр. :илустр.; 30см

***Институт за економски науки-Белград, Р. Србија***
Entrepreneurial Education and Entrepreneurial Intentions as Driver for Economic Growth in Republic of North Macedonia, 2022

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Надежда Поп-Костова искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Ценејќи го сето претходно наведено, рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, кандидатката м-р Надежда Поп-Костова, согласно Законот за високото образование, да биде избрана во соработничко звање *асистент* по група предмети од областа на бизнис менаџмент, меѓународен менаџмент и претприемништво.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

доц. д-р Ивона Милева, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Снежана Христова, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Кате Трајкова, с.р,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

**OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE**

ISSN 1857-5323